добрини со кои постојано беше накитен секој Кузманов револуционерен чекор, секој негов настап, секоја негова постапка, секоја негова мисла и размисла. Речиси бројните негови сѐ уште живи соврсници, борци и револуционери, по силата на околностите во кои денес живеат секако поинаку изгледаат, постапуваат, мислат и чувствуваат отколку што кога беа заедно со Кузман на иста револуционерна задача, иако, за жал, на сите нив им е познат фактот дека започнатото дело на Кузман и бројните како него, започнатата револуција од пред војната уште трае и кај нас и ќе трае непрестајно сѐ додека не станат доминантни комунистичките, општочовечките односи и општочовечкиот морал меѓу луѓето.

Токму како порака во тој поглед кај сѐ уште живите борци и револуционери пред, за време и по војната и особено кај младите градители на вистински нови самоуправни односи меѓу луѓето кај нас, двете книги на Коце Солунски за Кузман Јосифовски — Питу претставуваат посебен придонес во нашата современа историографска литература. Во толку повеќе што животот, делото и времето на Кузман сѐ уште траат, иако често испрекинати со паѓања и скакања, скренувања од вистинскиот револуционерен пат и застранување во разни области и дејности. Ако ништо повеќе, тоа барем поради таквиот најнов од на нашата револуција двете книги на Коце Солунски за Кузман Јосифовски — Питу имаат нешто поголемо значење од она што го содржат како напишан текст во смисла на достоинственото оддолжување кон него како човек пред сѐ, а и како кон заслужен син на нашиот вековно напатен и секогаш слободарски настроен народ.

**Ј. С.**

**Блаже Ристовски, НАЦЕ ДИМОВ (1876—1916),** Скопје 1973

Во издание на Македонската академија на науките и уметностите излезе овие денови од печат книгата на Блаже Ристовски за македонскиот општественик и емигрант во Русија Наце Димов.

Поделена на три дела книгата за Наце Димов во првиот дел го опфаќа животниот пат и активноста на овој борец за слободата и единството на Македонија (стр. 7—60); вториот дел го содржи во оригинал на руски јазик фототипското издание на малата брошура на Наце Димов (стр. 63—78), а третиот дел ги содржи белешките, резимето и регистерот на личните имиња (стр. 79—97).

Потпирајќи се на архивската документација што ја пронашол во оставнината на Наце Димов во Ленинград, како и на малкуте објавени податоци во постојната литература, Ристовски успеал да ни ја приближи тешката атмосфера на велешкото село Папрадиште во кое се родил Наце Димов, а кое морал, поради изгорувањето од разбојничките банди и убиството на неговиот татко, да го на-

пушти заедно со својата мајка и браќа. Заминувајќи уште како младинец во туѓина на печалба со своите браќа, Наце Димов од обичен ѕидар, огнар и машинист на железниците, благодарение на своите природни дарби и голема упорност да се издигне до приватен адвокат и мошне виден граѓанин во руската столица Петроград. Заедно со својот роден брат, познатиот општественик и македонски патриот Димитрија Чуповски, Наце Димов станал еден од најактивните членови на создаденото Славјанско-македонско научно-литературно другарство во Петроград и воопшто во македонската колонија во истиот град.

Со прилично детали Ристовски ја истакнува во својот труд извонредно важната улога на Наце Димов како борец против готвеното раздробување на Македонија во времето на Балканските војни од страна на трите соседни монархии. Со своите бројни истапувања во тогашниот руски печат и со своите усни искажувања на разни конференции во кои упорно се застапувал за единството на македонскиот народ и неговото право на слободен и независен живот, Наце Димов се издигнал во еден од најцврстите бранители на македонскиот национален индивидуалитет. Тој е потписник на неколку меморандуми до Големите сили што на Лондонската конференција ја решаваа судбината на Македонија по Првата балканска војна. Тој е иницијатор заедно со својот роден брат Димитрија Чуповски за формирање на Словенско-македонското национално-просветно друштво „Свети Кирил и Методи“ и „Руско-македонското благотворно друштво пак на името „Св. Кирил и Методи“. Како пламенен оратор Наце Димов учествувал во дискусиите на Друштвото за словенска взаемност во Петроград на кое се разгледувало покренатото македонско прашање и под негово влијание се донесла една поволна резолуција по македонското прашање. Воопшто, насекаде во Русија каде што ќе станело збор за Македонија, Наце Димов истапувал во полза на нејзината самостојност и неразделност сè до својата прерана смрт во Петроград.

Наце Димов ни остави и една мала брошура чиешто фототипско издание го дава Блаже Ристовски во целост како прилог кон својата книга. Инаку, што е за забележување, Наце Димов приходите од оваа брошура ги определил за бедните Македонци што учеле во разните училишта и универзитети во Русија, како што тоа на крајот на самата брошура стои. Ристовски не ги одминал некои пропусти во брошурата на Наце Димов поради неговата недоволна обавестеност и ги пропратил со прилично опширни коментари и белешки.

Книгата на Ристовски е илустрирана со 13 фотографии и 3 факсимили на меморандуми и резолуции со што и визуелно ни се втиснуваат уште подлабоко впечатоците за овој голем син на македонскиот народ на чијшто гроб во Ленинград и денес на

мермерниот споменик се наоѓа следниов натпис: „Македонски деец Наце Димитриевич Димов. Умрен на 15. јули 1916 година, на 40 години од раѓањето. Живееше тој и се бореше за правото и слободата на македонскиот народ“.

Досега слабо познатата фигура на Наце Димов и неговата неуморна дејност во горeприкажаната книга на Блаже Ристовски со својата богата аргументација и илустративен материјал дејствува и убедливо и впечатливо.

Љ. Л.

**Милош Константинов: ЗАШТИТА НА АРХИВСКАТА ГРАЃА**
издание на Историски архив — Скопје, 1973

Со својот труд авторот ни дава анализа на архивските прописи со осврт на нивното значење во организирањето на заштитата на архивската граѓа од трајна вредност.

Обработената тематика е распределена во три дела: Архивска граѓа, Архивски установи и Архивски прописи.

Во првиот дел, освен поимот за архивска граѓа, обработени се и процесите поврзани околу нејзината заштита како што се: евидентирањето, преземањето, одбирањето, чувањето, ползувањето и прометот на архивската граѓа.

Вториот дел ги содржи проблемите од организацијата на архивската мрежа со архивските установи, нивните надлежности, надзорот, прашања од областа на управувањето, стручните тела и на крајот се разработени и санкциите кои се предвидени со архивските прописи.

Во третиот дел како прилог исцело во изворна содржина се предадени сојузните и републичките архивски прописи донесени од 1945 г. па наваму.

Во самиот почеток авторот укажува на важноста на архивската граѓа, истакнувајќи го нејзиниот третман како споменик на културата и преземените мерки за нејзината заштита не само во југословенски туку и во меѓународни размери. Во основните архивски прописи архивската граѓа целосно е ставена под заштита на општествената заедница.

Понатаму авторот се обидел да ги дообјасни поимите „архивска граѓа“ и „регистратурски материјал“ за кои смета дека во досегашните правни прописи во таа смисла има недоречени и нејасни дефиниции, а од правилното содржинско разграничување на тие два поима ставена е во зависност и правилната заштита на потребната архивска граѓа за науката. Меѓутоа, овој обид е сведен само на формалната страна, а не и на суштинското објаснување на поимите кое и понатаму е оставено на индивидуалните критериуми на архивските работници кои директно се ангажирани во средувањето и обработката на архивските материјали.

Како на важен фактор во заштитата на архивската граѓа авторот го истакнува евидентирањето. Покрај прописите од оваа област ги обработува и архивските евидентни средства, како што се: